*Серѓеј ЦВЕТКОВСКИ*

**УДК: 341.33/.34:327(100)**
Изворен научен труд

# ОПРАВДУВАЊЕ ЗА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ

***Кратка содржина***

*Постои една сериозна дилема за тоа дали да се почитува меѓународната норма, со која се забранува употребата на сила во внатрешните работи во форма на интервенција или, пак, да се интервенира кога се работи за отворено и грубо кршење на меѓународното хуманитарно право. Дилемата се изразува како конфликт помеѓу легитимноста и легалноста (законитоста). Авторот го истражува односот на легалноста и легитимноста, односно условите во кои легитимноста го има приоритетот врз легалноста. Според начелото на легалноста, засновано на чисто правни основи, интервенцијата не смее да се спроведува доколку не се исполнети сите правни услови. Но, според начелото на легитимноста, кое главно се заснова на политички мотиви и морални поставки, спроведувањето на интервенцијата е оправдано. Легалноста е определена со прецизно одредени правни норми, а легитимноста е резултат на екстензивно сфаќање на правото и резултат од доктринарни расправии и јавни мислења. Можностите и прифаќањето на фактот дека хуманитарната интервенција е употребена како оправдување за нелегална воена интервенција ја доведуваат во прашање моралната и легална поддршка за хуманитарната интервенција. Целокупната ситуација дополнително е замаглена од гледиштето за легитимноста, односно меѓународниот правен статус на силата која ја спроведува или ја повикува хуманитарната интервенција. Останува подвоеноста на ставовите дали хуманитарната акција спроведена во форма на насилна интервенција или еднострана интервенција е надвор од легално прифатената Повелба на ОН?!*

***Клучни зборови:*** *ХУМАНИТАРНА ИНТЕРВЕНЦИЈА, ЗАШТИТА НА ЦИВИЛИ, ХУМАНИТАРНО ПРАВО, ИСПРАВНА ПРИЧИНА, ПОСЛЕДНО СРЕДСТВО*

## Вовед

Со усвојувањето на Повелбата на ОН во 1945 година, заштитата на индивидуата станува значајно прашање во меѓународното право. Државите повеќе не можат да се повикуваат на принципот на немешање во внатрешните работи наспроти мешањето и невоената меѓународна интервенција во случај на сериозно прекршување на човековите права или прекршување на војненото/хуманитарното право во рамките на својата територија. Исто така, лицата кои се одговорни за геноцид и воени злосторства си носат индивидуална одговорност во согласност со меѓународно-

то право. Државите си ја имаат одговорноста за судско гонење на овие криминалци и доколку не го направи тоа државата, тогаш ваквите лица стануваат предмет на меѓународна осуда преку *Меѓународниот суд за злосторства*. Но, сепак, заштитата на поединецот не излезе на прв план во текот на целиот период на Студената војна.

Неопходноста за човековите права го нагласува концептот на одговорност на државите и на владите и правилата кои се донесени за да ги заштитат човековите права, особено во член 1 (3) кој истакнува дека сите држави треба „да остварат меѓународна соработка во решавањето на меѓународните проблеми од економски, социјален, културен или хуманитарен карактер и во промоција и поттикнување почитување на човековите права и основните слободи за сите без разлика на раса, пол, јазик или религија“ (United Nations Charter, Art. 1 (3)). Правата на државата признаени со меѓународното право се разбирливи единствено под претпоставката дека овие држави обезбедуваат барем минимум човекови права. Целта на Обединетите нации за промоција и заштита на човековите права лоцирани во член 1 (3) во однос на член 2 (4) како клаузула за заштита од војна има основен приоритет пред почитувањето на државниот суверенитет. Член 2 (4) истакнува: „Сите членки ќе се воздржуваат во нивните меѓународни релации од закана или употреба на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на која било држава, или на кој било друг начин кој не е во согласност со целите на Обединетите нации“ (United Nations Charter, Art. 2 (4)). Така, употребата на сила во одбрана на основните човекови права не претставува употреба на сила во несогласност со намерите на ОН (Teson, 174). Тука, на сцена стапуваат хуманитарните интервенции.

Се јавува потребата од расчистување одредени морални и политички аспекти поврзани со хуманитарните интервенции. Шаблонот за тоа е следниов: прво, се бара истражување за потребата од хуманитарна интервенција, која произлегува од одредени услови и начин на војување кој често резултира со геноцид и масовно кршење на човековите права. Притоа, на дилемата околу хуманитарните интервенции не треба да ѝ се пристапува без да се земат во обзир природата на новата држава и новите начини на војување. Второ, треба да се анализираат факторите кои влијаат на одговорот на меѓународната заедница на хуманитарната интервенција. Фокусот ќе биде на политичките, моралните и инструменталните мотивации и пречки за хуманитарната интервенција по Студената војна. Трето, во контекст на постпериодот на Студената војна, мора да се земат во обзир моралните и политичките дилеми инволвирани во одлуката дали да се спроведе хуманитарната интервенција. Таквите дилеми произлегуваат од сложената рамнотежа помеѓу поредокот и правдата на домашно ниво кај повеќето новопроизлезени држави како, и на меѓународно ниво помеѓу државите.

## 1. Немешање во внатрешните работи

Принципот на немешање во внатрешните работи е долготраен и основен принцип на меѓународното обичајно право. Тој произлегува од правото на секоја

држава за суверенитет, територијален интегритет и политичка независност и, всушност, е еден од основните принципи на меѓународното право. Обичајниот принцип на немешање се однесува на меѓудржавните односи. Што се однесува до интервенцијата од страна на телата на ОН, делумно сличен принцип е утврден во член 2 (7) од Повелбата на ОН како основен принцип на Организацијата. Според овој член, „ништо што е содржано во оваа Повелба не ги овластува Обединетите нации да интервенираат во прашања кои, во суштина, се во рамките на домашната јурисдикција на која било држава, ниту ќе бара од земјите-членки да ги поднесат овие прашања на решавање согласно со оваа Повелба; но овој принцип нема да ја наруши примената на мерките за извршување според Поглавје VI“ (Повелба на Обединетите нации, член 2 (7)).

Генералното собрание на ОН во 1970 година ја усвои *Декларацијата за принципите на меѓународното право за пријателски односи и соработка помеѓу државите*. Декларацијата која има статус на препорака, во основа, се однесува на принципите за неинтервенција во современото обичајно право. Според Декларацијата, ниту држава ниту група на држави од која било причина немаат право да се мешаат во внатрешните работи на другите земји. Така, која било форма на мешање во држава или во нејзините политички, економски и културни елементи претставува кршење на меѓународното право. Дополнително, ниту една држава не треба да користи мерки што попречуваат друга земја да ги примени сопствените суверени права, ниту, пак, мерки за постигнување каква било предност. Понатаму, ниту една држава нема да организира, да поддржува или да учествува во субверзија, бунт или терористички активности насочени кон насилно соборување на режимот на друга држава, ниту, пак, ќе се меша во граѓанска војна во друга земја.

Што се однесува до ООН, член 2 (7) од Повелбата во врска со работата на телата на ОН е многу сличен со обичајниот принцип на не-интервенција. Меѓутоа, во контекст на член 2 (7), интервенцијата мора да се разбере во поширока смисла. Преовладува мислењето дека телата на ОН можат во кое било време да разговараат за прашања од општ карактер и да дадат општи препораки, при што која било резолуција на ООН или препорака во однос на конкретната земја која се повикува да дејствува на одреден начин се смета интервенција во согласност со член 2 (7).

Практиката на работата на телата на ОН не е јасна преку опсегот на концептот на интервенција. Во случаите кога се повикуваат на член 2 (7), членките тврдат дека интервенцијата ги вклучува сите активности на мешање, вклучувајќи ги и дискусиите и резолуциите за ситуацијата во одредена земја. Кога ООН го отфрла упатувањето на член 2 (7) на државата, останува необјаснето дали е засновано на мислење дека мешањето не е интервенција или дека интервенцијата се однесува на работи кои не се од суштинско значење за јурисдикцијата на државата. Значи, најверојатно итната хуманитарна помош што ќе ја нудат телата на ОН нема да биде интервенција ако ги задржат сите норми на хуманост, непристрасност и неутралност во однос на хуманитарната помош што ѝ се нуди на една држава.

Член 2 (7) дава можност за полабава политичка дефиниција за тоа: што е од суштинско значење во домашната јурисдикција? Постојат аргументи кои тврдат дека дури и во ситуација во која постои недостаток на правна обврска, субјектот кој во законски услови треба да биде од суштинско значење за домашната јурисдикција, според член 2 (7), може да биде оправдано предмет на меѓународна загриженост што преминува област надвор од ексклузивната власт на државата (McDougal and Reisman, 1968). Што се однесува до акцијата на ОН, кога спорот произлегува како домашна или меѓународна карактеристика на ситуацијата во земјата каде што се појавува прашањето, во согласност со член 2 (7), само до одреден степен е предмет на судска контрола. Моќта да се толкува член 2 (7) лежи во прв степен во дејството на самиот орган на ООН. Меѓународниот суд на правдата нема врвна моќ за толкување кога станува збор за Повелбата на ОН. Сепак, согласно со член 96 од Повелбата на ОН, Генералното собрание или Советот за безбедност може да побараат советодавно мислење од Судот за која било правна работа. Судот, исто така, може да го толкува член 2 (7) во случаите поднесени пред него. Според ставот на судот, член 2 (7) никогаш не ги исклучувал телата на ООН од акција.

## 2. Грижа за заштита на слабите

Многу луѓе кои вообичаено се спротивставуваат на војната прават исклучок за т.н. хуманитарна војна. Размислувањето е дека овој тип војни се водат од алтруистички причини. Сето тоа започна со растечката загриженост во НАТО за контроверзната доктрина на хуманитарни интервенции и неспособноста на меѓународната заедница да ги заштити беспомошните во итни ситуации предизвикани од конфликт. Во случајот со интервенцијата на НАТО во Косово беше поставено важно прашање за последиците на таквата акција без меѓународен договор. Дали е легитимно за регионална организација да употреби сила без мандат на ОН и, од друга страна дали е дозволиво масовно и систематско кршење на човековите права, со страшни хуманитарни последици?! Тоа всушност, е признание на постоечкиот конфликт помеѓу концептот на државен суверенитет и моралната обврска да се заштитат луѓето кои се загрозени. Тоа ја има охрабрено меѓународната заедница да бара други начини за разрешување на конфликтот помеѓу овие два концепта. Тоа беше предизвик за светот да најде заеднички терен во истовременото надгледување на принципите на Повелбата и дејствувањето во одбрана на општата хуманост.

*Постојаниот суд на меѓународна правда*, кој е претходник на Меѓународниот суд на правдата во 1923 година во контекст на концептот на домашната надлежност на државите во член 15 (8) од Пактот на лигата на народите, истакнува дека поимот во основа е релативен и зависи од развојот на меѓународните односи. Ова значење е пренесено во член 2 (7). За време на преговорите во Сан Франциско во 1945 година пред усвојувањето на Повелбата на ОН, било нагласено дека неинтервенцијата ќе биде основен принцип на Обединетите нации, но исто така ќе биде предмет на промена согласно со развојот на меѓународното право.

Општата цел на хуманитарна интервенција во друга земја е заштита на цивилното население кое е загрозено во рамките на географските граници на државата која е предмет на интервенција и „не заради самоодбрана, и не со цел да се реши некоја поголема закана за меѓународниот мир и безбедноста како што традиционално се сфаќа“ (Evans, 2006). Меѓународната заедница се соочи со задача да го надмине претходното сфаќање на *правото да интервенира* со *одговорноста за заштита*, заради надминување на постоечкиот проблем на недостаток на политичка волја и она што е генерално прифатено како рутина на спречување конфликти. Така, суштината на концептот на одговорност за заштита стана заштита на луѓето или повисок безбедносен концепт -*човекова безбедност*. Оваа нова студија го доведува во прашање пристапот кој смета на заштитата на националните граници и суверенитет и во овој контекст е анахронизам во согласност со динамиката на меѓународната политика во меѓународниот систем на постпериодот на Студената војна. Со овој нов став, преовладувачката мисла е дека позицијата на суверенитет подразбира одговорност за заштита на населението, а не на државните граници. Ова е конзистентно со мислењето дека сите суверени држави во прв степен им должат на своите граѓани и дека долгот мора да се намири од страна на меѓународната заедница - ако прво одговорниот абдицира или е неспособен да дејствува. Актуелните придобивки од концептот на одговорност за заштита на луѓето, целосно сумирани, би биле: прво, промената од правото да интервенира до одговорност за заштита, наметнува процена на проблемот од перспектива на оние на кои им е потребна помош, а не од перспектива на оние кои би можеле да интервенираат; второ, оваа формулација подразбира дека примарната одговорност останува на земјата што е засегната, само ако државата не е способна или не сака целосно да ја исполни својата одговорност за заштита, или ако е сама по себе прекршител на човековите права и безбедност, само тогаш меѓународната заедница може да преземе одговорност и да дејствува наместо таа држава; трето, одговорноста за заштита се нарекува *чадор-концепт* кој ја опфаќа не само одговорноста да дејствува, туку и ја презентира одговорноста за *спречување* и одговорност за *обнова* (Gareth and Sahnoun, 2006).

Тука е неизбежно да се споменат некои помалку очигледни негативни аспекти на хуманитарната интервенција поврзана со начинот на кој интервенцијата ја менува динамиката на конфликтот во кој се меша. Групата во чија корист е спроведена интервенција може да добие поттик да ги пренасочи напорите за водење на војната за спроведување пропаганда со цел да се максимизираат придобивките од интервенцијата, како и поттикнувањата за претерување на злосторството извршено против неа, измислување настани кои не се случиле, па дури и изведби на инсценирани напади врз сопствениот народ. Исто така, оваа група, покрај добивањето поттик да одбие да преговара за услови кои би можеле да се договорат пред интервенцијата, исто така, добива поттик да се стреми кон подобрување на условите со договор дека тие услови ќе бидат обезбедени од страна на интервенционистот. Таквите акции го продолжуваат конфликтот. Од друга страна, ако групата против која се иницира хуманитарна интервенција е убедена дека нема вина за тоа за што е об-

винета или барем дека другата страна не е помалку обвинета, па така таа страна може да заклучи дека самата претставува цел за одредени нешта кои не се поврзани со нејзиното остварување на човековите права и затоа не постои понатамошна потреба од загриженост за начинот на кој се перципираат тие човекови права. Ова резултира со зголемување на злоупотребата на човековите права. Хуманитарната интервенција е во корист на послабата страна во војната. Но, би било погрешно да се заклучи дека послабата страна е онаа која има оправдани цели во војната. Страдањето на едната страна во однос на другата не ѝ дава право да очекува дека нејзините цели во војната се поправедни од целите на другата страна што страда помалку.

Ако суверенитетот подразбира должност на државата да ги заштити своите граѓани, релевантното прашање тука е под кои околности меѓународната заедница ќе се вмеша во внатрешните работи преку интервенција за спасување на ранливо население?! Во оваа смисла, не треба да е важно како ги дефинираме/одредуваме околностите под кои светската заедница треба да интервенира во ситуации на внатрешен конфликт. Она што треба да се истакне е дека прагот за меѓународно дејство е условен од недостигот на волја и неуспех на државата да обезбеди превентивни мерки или од попреченоста на државата. Така, хуманитарната интервенција може да се гледа како последна опција – кога сите невоени опции за спречување или мирно решавање на кризата се земаат предвид и постои логично верување дека послабите мерки би пропаднале – врз основа на неколку меѓусебно поврзани услови, како што се: валидна причина, претпазливост, соодветна намена, крајна мерка, соодветна употреба на сила и разумно и правилно гледиште на владата.

### 3. Критериум за хуманитарни интервенции

Она што треба да се земе предвид кога се одлучува за тоа што е навидум хуманитарна интервенција не е само декларираната цел на интервенционистичката влада, туку реалноста на ситуацијата и сите можни последици (Марјановиќ, 2011). Според меѓународното право и меѓународното обичајно право, забраната за интервенција се состои од два елемента. Прво, мешањето во внатрешните работи мора да го достигне нивото на интервенција. Второ, интервенцијата мора да се однесува на проблемите што припаѓаат на домашната јурисдикција. Со Завршниот акт на Хелсиншката конференција за безбедност и соработка во Европа од 1975 година, државите-членки се обврзуваат да се воздржат од каква била воена или политичка, економска или друга присилност која има цел да потчини на својот интерес друга земја која учествува во примената на права својствени на суверенитетот и на тој начин да обезбедат каква било предност.

Кога станува збор за прагот на преземање хуманитарна интервенција, според апологетите на хуманитарните интервенции, критериумите што ја оправдуваат легитимноста на принудната интервенција се следниве:

1. Масовно прекршување на основните човекови права на ниво на злосторство против човештвото извршено од сопствената држава или со нејзина поддршка или молчење, или како резултат на распаѓањето на државата во која власта е оневозможена да ги спречи овие кривични дела;

2. Советот за безбедност на ОН е парализиран или неспособен да преземе дејство поради употреба на вето или политика на конфронтација помеѓу постојаните пет членки;

3. Постојат јасни знаци дека воените опции подобро ќе послужат во дадениот контекст каде што сите мирни средства за постигнување решение се исцрпени и не придонесуваат за успех;

4. Група земји кои се противат на државата, интервенираат со единствена цел за запирање на злосторствата и кршењето на човековите права со прифаќање или барем без спротивставување на мнозинството од земјите-членки на ООН.

Наспроти нив се ставовите на противниците кои не ја оправдуваат хуманитарната интервенција по ниту една основа. Причините за хуманитарната интервенција како исклучително лоша идеја се повеќе. Некои се очигледни, некои иако не толку јасни, но не се помалку штетни. Тие вклучуваат:

1. Хуманитарната интервенција е финансирана од даноци, кои од економски аспект се сметаат за наметнати трошоци;

2. Во име на хуманитарната интервенција, државата може да иницира војна со изговор дека нема никаква врска со војната;

3. Воената акција обично резултира со невини жртви и оштетувања на имот и ја загрозува еколошката средина;

4. Воената психоза во државата која е предмет на интервенцијата може да се искористи за поддршка на моќта на владетелите на земјата и за намалување на граѓанските слободи на нејзините субјекти;

5. Во кој било момент, многу држави се вклучени во кршењето на човековите права, па, логично е да се заклучи дека принципот на хуманитарна интервенција е рецепт за бескрајна војна;

6. Хуманитарнта интервенција испраќа сигнал до малтретираните низ целиот свет – наместо да се борат за своите права, да се залагаат за интервенција од надворешна сила;

7. Хуманитарната интервенција може да послужи за да ја убеди јавноста во позитивните аспекти на авантуристичката надворешна политика, милитаризмот или кршењето на принципот на национална сувереност; тоа може да послужи за идејата за империјализам и може да изгради морална основа за една империја која подоцна ќе почне да ги проширува границите со војни од друг тип (Marjanovic, 2011).

Постоеше зголемен интерес за дебата за оправдување на хуманитарните интервенции што произлегува од незадоволството и осудата на еднострананата интервенција на НАТО во Федерална Република Југославија во 1999 година предизвикана со појавата на етничко чистење во Косово. Во моментот е прилично актуелна и дебатата за легалноста на воздушната кампања на коалицијата составена од САД, Велика Британија и Франција врз локациите на силите на Асад во Сирија кои на одреден начин се поврзани со капацитетите на сириската влада за хемиско оружје и неговата наводна употреба врз цивили. Воздушните напади вклучуваа авиони и крстосувачки проектили лансирани од море. Во вториов случај интервентната коалиција е осудувана за почнување интервенција без да ги почека резултатите од меѓународната инспекциска комисија која беше испратена на теренот во Сирија со задача да ги испита случаите за наводна употреба на хемиско оружје врз цивилите во Дума на 7 април 2018 година. Сириската влада ја негира вклученоста во нападите во Дума и воздушните напади ги нарекува кршење на меѓународното право. Овој настан е сè уште свеж и допрва се очекува понатамошен развој на оваа интервенционистичка авантура. Ветото на Русија значеше дека нема перспектива за Советот на безбедност на ОН да одобри употреба на сила. Па така, легалноста на воената акција се потпира на аргумент на меѓународниот јавен поредок заснован на одбраната на кредибилитетот на забраната за употреба на хемиско оружје, принудувајќи ја Сирија кон обврските кои произлегуваат од нејзиното членство на Конвенцијата за хемиско оружје и истовремено олеснување на хуманитарно страдање преку заштита на цивилите од понатамошни напади со хемиско оружје. Нападите започнаа уште пред инспекторите од *Организацијата за забрана на хемиски оружја* (OPCW) да пристигнат во Сирија и да ги испитаат наводните напади иако претходно беше известено дека на инспекторите не им бил дозволен пристап на локациите за производство и чување на хемиското оружје.[1]

Да се вратиме на хуманитарната интервенција во Федеративна Република Југославија. Хуманитарната војна на НАТО во Косово беше осудена од поголемиот дел на меѓународната заедница поради нејзината не/легитимност и исправност кои беа оспорувани поради недостаток на одобрение од Советот за безбедност на ОН. Имајќи го предвид ова, оние хуманитарни интервенции кои ќе се спроведат без одобрение на Советот за безбедност на ОН, не би требало да се оправдуваат во смисла на легитимност, но би можеле да се оправдуваат како еден вид мала врата за меѓународното право применливо на морална основа и оттука би требало да се признаат како ад хок единствено во крајни ситуации.

[1] Во врска со воената акција, Обединетото Кралство го објави својот легален став за акцијата, во кој се истакнуваше дека ограничени удари се оправдани на хуманитарна основа. По нападите, Парламентот на Обединетото Кралство дебатираше за ставовите согласно со меѓународното право кои се однесуваат на ургентноста на интервенцијата и дали постоел недостаток на практични алтернативи.

**Литература**

Danish Institute of International Affairs. (1999). *Humanitarian Intervention: Legal and Political Aspects*. Copenhagen: DUPI.

Evans, G. Sahnoun, M. (2006). "The Responsibility to Protect: Revisiting Humanitarian Intervention." *Foreign Affairs*. 24.10.2006th.

Marjanovic, M. Is humanitarian war the exception?. *Mises daily*. Monday, April, 04.2011. http://mises.org/daily/5160/Is-Humanitarian-War-the-Exception (visited 15.05. 2014).

McDougal, S. Reisman, W. (1968). "Rhodesia and the United Nations: The Lawfulness of International Concern." *American Journal of International Law*. Vol. 62, No.1, pp 1-19.

Teson, F. (1997). *Humanitarian Intervention: An Inquiry into Law and Morality*. Irvington-On-Hudson, N.Y. : Transnational.

United Nations Charter. http://www.un.org/en/documents/charter/ (visited 30.04.2014).

UNSC Resolution 1296 (2000), 19 April 2000. http://www.securitycouncilreport.org/atf-/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8CD3-CF6E4FF96FF9%7D/Civilians%20SRES1296.pdf (visited 28.05.2014)